Ред. број 15 Организациски кризи и стратегии за справување

| **Прилог бр.3** | | **Предметна програма од втор циклус на студии** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Организациски кризи и стратегии за справување | | | |
| 2. | Код | БАС-22ОКСС | | | |
| 3. | Студиска програма | Стратегиски менаџмент за одржлив развој | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Втор циклус | | | |
| 6. | Академска година / семестар | година | прва | семестар | втор |
| 7 | Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити | 6 ЕКТС | | | |
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник) | Проф. д-р Гордана Тасевска | | | |
| 9. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски јазик | | | |
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | нема | | | |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето: | **Цели на предметната програма:**<br>• Ги идентификуваат и анализираат типовите на кризи кои можат да влијаат на организациите, како и нивната природа и последици.<br>• Развивање на знаења за клучните принципи, фази и стратегии на кризен менаџмент за одржување на организациската стабилност.<br>• Примена на превентивни мерки и спроведување планови за спречување на кризи.<br>• Развивање на компетенции за креирање и спроведување на кризен план прилагоден на потребите на организацијата.<br>• Користење на дигитални технологии во кризен менаџмент<br>• Стекнување на вештини за комуникација со внатрешни и надворешни засегнати страни, менаџирање со информации и јавноста за време на криза.<br>• Развивање на способности за анализа на кризите, учење од претходните искуства и адаптација за идни предизвици.<br><br>**Резултати од учењето**<br>По успешно завршување на предметот, студентите ќе можат да:<br>• Го дефинираат поимот на организациска криза и да ја објаснат нејзината природа и влијание врз организациите.<br>• Разликуваат и применуваат различни стратегии за управување со организациски кризи во зависност од нивниот тип и сложеност.<br>• Креираат и имплементираат кризен план со дефинирани комуникациски, оперативни и стратешки мерки. | | | |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Спроведуваат анализа на ризици и развиваат проактивни стратегии за превенција на потенцијални кризни ситуации.<br>• Користат современи технологии и дигитални платформи за управување со кризите и комуникација со засегнатите страни.<br>• Демонстрираат ефективна комуникација во кризни ситуации преку разработка на комуникациски стратегии и односи со јавноста.<br>• Спроведат посткризна анализа и извештаи, како и да препорачаат стратегии за подобрување на идните организациски процеси.<br>• Применуваат стекнатото знаење за зголемување на отпорноста на организациите и подобрување на нивните менаџерски капацитети во справување со кризни ситуации. |
| 12. | Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје | ПОГЛАВЈЕ 1 : ОСНОВИ НА КРИЗЕН МЕНАЏМЕНТ:<br>1.1. Определување на организациската криза и нејзината природа.<br>1.2. Важноста на организациското менаџирање со кризи во одржување на стабилноста и конкурентноста.<br>1.3. Основни принципи и фази на организациски кризен менаџмент.<br><br>*Резултати од учењето:*<br>*По успешно совладување на ова поглавје, студентите ќе можат да ја дефинираат и анализираат природата на организациските кризи, да ја објаснат нивната важност во одржувањето на стабилноста и конкурентноста на организациите, како и да ги применат основните принципи и фази на организацискиот кризен менаџмент.*<br><br>ПОГЛАВЈЕ 2.КРИЗНИ ПЛАНОВИ И СТРАТЕГИИ<br>2.1. Развој на кризни стратегии специфични за организацијата.<br>2.2. Изработка на кризни планови - од комуникација до операции.<br><br>*Резултати од учењето:*<br>*По успешно совладување на ова поглавје, студентите ќе можат да развијат и применат кризни стратегии прилагодени на специфичните потреби на организацијата, како и да изработат сеопфатни кризни планови кои вклучуваат комуникациски, оперативни и стратешки мерки за ефикасно управување со кризите.*<br><br>ПОГЛАВЈЕ 3: ПРЕВЕНЦИЈА И ПРОАКТИВНИ МЕРКИ ВО ОРГАНИЗАЦИСКИ КОНТЕКСТ<br>3.1. Идентификација на потенцијални кризи специфични за организацијата.<br>3.2. Развивање на проактивни стратегии за управување со можни кризи и нивното спречување.<br>3.3. Анализа на ризици и кризни сценарија во организациите.<br><br>*Резултати од учењето:*<br>*По успешно совладување на ова поглавје, студентите ќе можат да идентификуваат потенцијални кризи специфични за организацијата, да развијат проактивни стратегии за нивно управување и спречување, како и да спроведат анализа на ризици и кризни сценарија за подобрување на организациската отпорност.* |

| | | |
|---|---|---|
| | | ПОГЛАВЈЕ 4: КРИЗНИ МЕНАЏМЕНТ ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА<br>4.1. Влијание на дигитализацијата на организацискиот кризен менаџмент.<br>4.2. Примена на новите технологии во управувањето со организациски кризи.<br>4.3. Менаџирање со кризи во виртуелни средини и користење на социјалните мрежи и дигитални платформи.<br><br>*Резултати од учењето:*<br>*По успешно совладување на ова поглавје, студентите ќе можат да анализираат како дигитализацијата влијае врз организацискиот кризен менаџмент, да применуваат нови технологии во управувањето со кризи и да развијат стратегии за менаџирање со кризни ситуации во виртуелни средини, користејќи социјални мрежи и дигитални платформи.*<br><br>ПОГЛАВЈЕ 5: КОМУНИКАЦИЈА ВО ВРЕМЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКА КРИЗА:<br>5.1. Принципи на комуникација со внатрешни и надворешни заинтересирани страни за време на организациска криза.<br>5.2. Стратегии заменаџирање со информациите и јавноста.<br><br>*Резултати од учењето:*<br>*По успешно совладување на ова поглавје, студентите ќе можат да применуваат ефективни комуникациски принципи со внатрешни и надворешни заинтересирани страни за време на организациска криза и да развијат стратегии за менаџирање со информациите и јавноста со цел зачувување на довербата и репутацијата на организацијата.*<br><br>ПОГЛАВЈЕ 6: Посткризни фази и учење од организациски кризи:<br>6.1. Посткризни активности во организацијата: анализа и извештаи.<br>6.2. Како организациите можат да учат од кризите и да се адаптираат за идни предизвици.<br>6.3. Примената на стекнатото знаење во обновување на организациските процеси по кризата.<br><br>*Резултати од учењето:*<br>*По успешно совладување на ова поглавје, студентите ќе можат да анализираат посткризни активности преку изработка на извештаи, да применат механизми за учење од кризите и адаптација кон идни предизвици, како и да интегрираат стекнатото знаење во обновување и подобрување на организациските процеси.* |
| 13 | Заемна поврзаност на предметите | нема |
| 14. | Детален опис на наставните и работните методи за предметот | Наставата по предметот се реализира преку комбинација на интерактивни предавања, практични вежби, студии на случај и индивидуална и групна работа, со цел да се овозможи сеопфатно разбирање на современите концепти и практики.<br>Предавањата се организираат во форма на интерактивна настава каде што студентите се активно вклучени преку дискусии, прашања и мултимедијални презентации. Овој метод овозможува стекнување на теоретски знаења, но и нивна примена преку анализа на актуелни предизвици во областа. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Практичните вежби имаат за цел да ги зајакнат компетенциите на студентите преку симулации, решавање на конкретни задачи и примена на концептите во реални работни сценарија. Преку индивидуални и тимски активности, студентите развиваат аналитички и истражувачки способности, како и практични вештини за решавање на проблеми.<br>Студиите на случај се користат како алатка за подобро разбирање на менаџерските предизвици во реалниот сектор. Преку анализирање на конкретни примери од деловната пракса, студентите развиваат критичко размислување и учат како да ги применат стекнатите знаења за идентификување и решавање на проблеми.<br>Индивидуалната и групната работа се важен дел од наставниот процес, бидејќи поттикнуваат активно учење, соработка и комуникациски вештини. Студентите имаат можност да работат на самостојни истражувања, како и да презентираат решенија за конкретни предизвици.<br>Со примена на овие наставни и работни методи, студентите се стекнуваат со применливо знаење, критичко размислување и практични вештини потребни за современиот менаџмент. | | |
| 15. | Вкупен расположив фонд на време | 162 часа | | |
| 16. | Форми на наставните активности | 16.1. | Предавања- теоретска настава. часови | 30 |
| | | 16.2. | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови | 30 |
| | | 16.3. | Пракса: часови | / |
| 17. | Други форми на активности | 17.1. | Проектни задачи: часови | 15 |
| | | 17.2. | Самостојни задачи: часови | 45 |
| | | 17.3. | Домашно учење - задачи | 42 |
| 18 | Услови за потпис | Реализирани активности од точка 16 и 17. | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 19 | Начин на оценување | | |
| | 19.1. | Тестови: бодови | 30 |
| | 19.2. | Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови | 20 |
| | 19.3. | Завршен испит: бодови | 50 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 20 | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | до 50 бода | 5 (пет) (F) |
| | | 51 х до 60 бода | 6 (шест) (E) |
| | | 61 х до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | • Евалвации од студентите: Редовно спроведување на евалвации за оценување на наставниот процес, со фокус на содржината на предметот, методите на предавање, комуникацијата со студентите и јасноста на наставниот материјал.<br>• Самоевалвација на наставниците: Наставниците вршат самооценка на своето предавање, оценувајќи ги своите методи на наставата, нивната | |

| | | |
|---|---|---|
| | | ефективност и областите за подобрување.<br>• Набљудување на наставата: Редовно набљудување на часовите од страна на колеги или менаџери за квалитет, со цел да се оценат методите на предавање и интеракцијата со студентите.<br>• Постигнување на образовни цели и резултати: Анализа на академските резултати на студентите, како и нивните вештини и способности што ги стекнале, во контекст на учењето.<br>• Меѓународни акредитации и стандарди: Применување на меѓународни стандарди за квалитет во образованието и вршење на редовни проверки преку акредитации и оценки од надлежни институции |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Тасевска Г Стефановска Л | Организациски кризи и стратегии за справување | Бизнис академија Смилевски – БАС | 2024 |
| | | 2. | Желимир Кешетовиќ Неџат Корајлиќ Иван Тохт Марјан Ѓуровски | Управувањето со кризи меѓу теоријата и практиката | Факултет за безбедност – Скопје | 2017 |
| | | 3. | Sarah Armstrong-Smith | Eective Crisis Management | BPB Publications United Kingdom | 2023 |
| | | | | | | |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Ron Culp | The new rules of Crisis management issues & crisis planning and response in the digital age | PRNEWS Press USA | 2019 |
| | | 2. | Thomas A. Cole and Paul Verbinnen | Collaborative Crisis Management | The University of Chicago Press USA | 2022 |
| | | 3. | Тим автори и експерти соработници на PRNEWS | “The Book of Crisis Management, Vol. 10” | PRNEWS Press USA | 2020 |